Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020) и врз основа на член 5 став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014), постапувајќи по барањето и дополнување на барањето на „СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 14-10-2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ
## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На „СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата „СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

## Образложение

„СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со Наш бр.Уп08-11 од 29.09.2021 год. и дополнување на Барање со Наш бр.Уп08-11 од 06.10.2021 за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за, еден дипломиран економист и две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање и дополнување на барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека „СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020).

На ден 14.10.2021г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на„СТАНБЕН ДОМАР" ДООЕЛ Куманово. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.Уп. 08-11

Од 14.10.2021год.

Скопје

**Изготвил/контролирал**
**Јасмина Петреска**
------------

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за домување**
**М-р Зоран Маџовски**